# ДАЛИ ГО ВИДОВТЕ АСАНЕЈА




| I | II | III |
|---|---|---|
| Дали го видовте Асанеја<br>Јаниш Мемед бега?<br>Вчера го видовме, рудо јагне,<br>на пат го сретнавме.<br>На пат го сретнавме, рудо јагне,<br>на пазар одеше. | На пазар одеше, рудо јагне,<br>руба да ти крое,<br>руба да ти крое, рудо јагне,<br>руба ф'станлија,<br>капче алт'нлија, рудо јагне,<br>срмајли елече. | Свадба ќе ти прават, рудо јагне,<br>тебе ќе те мажат,<br>за момче што нејќеш, рудо јагне,<br>штрбо и ќелаво.<br>За момче што нејќеш, рудо јагне,<br>штрбо и ќелаво. |

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986